ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

3 април 2012

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА НОВИТЕ ПРЕДЛОГ КВОТИ НА АПТЕКИ

Квотите што се објавени на веб страницата на ФЗОМ претставуваат предлог за 2,3 и 4 квартал 2012 година којшто е доставен на усвојување од Управниот одбор на ФЗОМ.

Предложените квоти се добиени врз основа на дефиниран начин на пресметка што е содржан во Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од листата на лекови на товар на средства на Фондот.

Правилникот можете да го симнете од веб страницата на следниот линк http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=33ACB9DD4ABBEA49863B7E11A8B5BFCF

**Овој правилник е изготвен во соработка со Фармацевтската комора на Македонија.**

Согласно правилникот распределбата на квотите на почетокот на **секој нов договорен период** претставува одново определување на квотите според следните критериуми:

- 50% од средствата се распределени според **кадарот** што го има аптеката и **деловните односи** на аптеката со ФЗОМ и
- 50% од се пресметани според просечниот **број на реализирани рецепти** во последните 6 месеци.

**Почнувајќи од 1 април 2012 започнува нов договорен период и соодветно е извршена распределбата на квотите. Фондот планира нова ревизија на квоти најдоцна во јули 2012 година, слично на последната ревизија во јануари 2012 година. Со секоја ревизија се врши распределување на средствата кои не се искористени од страна на аптеките кон оние аптеки кои имаат повисока реализација.**

ФЗОМ